МАКПРОМЕТ АД Штип
0202-447
23.06.2017 година

ДО:Собрание на акционери

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

Врз основа на одредбите член 517, 518 став 4 и 383 став 1 точка 9 и 10 од Законот за трговски друштва и одрдбите од Статутот на Друштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип, Одборот на дирекотри на друштвото, до Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 23.06.2017 година доставува:

# О Д Л У К А
## за присоединување на друштво со ограничена одговорност МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип кон ЕВРОПА ДООЕЛ Штип

### Член 1

Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ, со БДС 5856060 и ЕДБ 4002004161014, со седиште на ул. Индустриска Зона Македонка бр. 58 Штип, да се присоедини кон Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип со БДС 5224969 со ЕДБ 4029998114171 со седиште на ул. Др- Слободан Јовановски бр. 3 Штип, во постапка и под услови во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва.

### Член 2

Со присоединувањето на Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ ќе се изврши универзален пренос на целокупниот имот на друштвото кој се состои од имот евидентиран во книговодствена евиденција (прилог кон одлуката ) како и на сите права и обврски кои друштвото има оставрено како и сите оние кои ќе ги оставри до денот на присоединувањето, како имотот, правата и обврските кои ќе настанат заклучно со денот на целосно исполнување на условите за присоединување кон Европа ДООЕЛ Штип .

### Член 3

Цел на присоединувањето на Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип кон Друштво за производство и продажба на кондиторски производи ЕВРОПА ДООЕЛ Штип, односно по одобрувањето од страна на содружникот и уписот во трговски регистар, е да се пренесе целокупниот имот односно : активата, пасивата и основачкиот капитал ( влог).

Присоединувањето се врши поради концентрација и централизација на капиталот, зголемување на профитот, поквалитетно и организирано настапување во правниот промет, намалување на трошоците на работењето и поефикасно извршување на основната дејност, што подарзбира

организација на процесот на производство, подобро искористување на средствата за работа, подобро искористување на работната сила и слично.

Член 4

Вредноста на активата на Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип (друштвото што ќе се присоедини) ќе биде искажана согласно податоците искажани во завршната сметка со состојба на денот на присоединувањето.

Член 5

По спроведувањето на постапката за присоединување и уписот на присоединување во Централен регистар ќе запрат деловните активности на Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип .

Член 6

Вработените во Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ ќе ги задржат истите права и обврски од работен однос и истите ќе се пренесат кај превземачот како нов работодавач.

Член 7

Се овластува Управителот на Друштво за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ, да ги превземе сите активности, согласно ЗТД, за спроведување на постапката за присоединување и да склучи и завери Спогодба за присоединување во форма на Нотарски акт.

Член 8

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

МАКПРОМЕТ АД ШТИП
Одбор на директори
Пиха Стерјова
Ленче Ѓорѓиева
Миле Атанасов